# Карпош ин

**Мај 2019** | Бр. 74 | Година 10

*Бардовци доби своја* **Градинка**

*Вистиномер оцени:* **Ветувањето за картичката - исполнето**

**Кокан Димушевски** *Малтешкиот витез од Карпош*

**Коста Петров** *Магијата е - Комуницирај од срце!*



ENLARGEMENT DAY:

# Како до **ПОЕФИКАСНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ**

**Градењето на поефикасна локална самоуправа, осврт на целокупната политичка рамка и меѓувладините односи беа повод за дводневниот состанок – Ден на проширување / Enlargement day на Заедничкиот консултативен комитет – Европски комитет на региони, во Брисел, Белгија, на кој присуствува и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со градоначалниците на други општини од Република Северна Македонија.**

Во текот на престојот се одржа тематска дебата за јакнење на доброто владеење, при што за општините во Република Северна Македонија беше истакнато дека е потребно да постои поефективен и поефикасен систем на локална самоуправа, како еден од клучните показатели коишто треба да се земат предвид при проценка на степенот на усогласеност со политичките критериуми за пристапување кон Европската Унија.

Во панел дискусијата, се приклучи и градоначалникот Богоев кој зборуваше за актуелните состојби со кои се соочени општините во нашата држава, начинот на финансирање на истите и предизвиците кои претстојат.

Општина Карпош е пример на единица на локална самоуправа која има успешна соработка со Европската Унија во реализацијата на повеќе значајни проекти, како отворањето на целосно новата градинка во Бардовци, која е финансирана од ЕУ. Исто така, Општината е во постапка на изведба на Спортско - Адреналински парк, при што е добиен грант од Европската Унија, а ќе се спроведува преку Светска Банка.

Во текот на престојот во Брисел беше отворена и дискусија на тема: Дали ЕУ финансирањето шири демократија и владеење на правото, како и за локалниот социо – економски развој. Како панел дискутанти се обратија и Карл Хејнц Ламбертц, претседателот на Европскиот Комитет на региони, Џорџе Чиамба, министер - делегат за европски прашања (Романско претседателство на Советот на ЕУ), градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, европскиот комесар за Европска соседска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан и др.











**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на
локалната самоуправа

**Издава Опшина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Игор Ѓуровски

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

***ENLARGEMENT DAY:*** КАКО ДО **ПОЕФИКАСНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ** ........ 2
ЗАПОЧНА ИЗВЕДБАТА НА **НОВ ПАРК ВО КАРПОШ** ........ 4
**БАРДОВЦИ ДОБИ** СВОЈА **ГРАДИНКА** ........ 6
**VOX POPULI:** ЗАДОВОЛНИ И РОДИТЕЛИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ........ 8
**ВИСТИНОМЕР ОЦЕНИ: ВЕТУВАЊЕТО** ЗА КАРТИЧКАТА-**ИСПОЛНЕТО** ........ 9
**ПРОЕКТИ:** Реализирани и проекти во тек ........ 10
**ГЕРМАНСКИТЕ ИСКУСТВА** ПРИМЕНЛИВИ И ВО КАРПОШ ........ 12
**КОКАН ДИМУШЕВСКИ**-МАЛТЕШКИОТ ВИТЕЗ ОД КАРПОШ ........ 14
**MINI MAKER FAIRE 2019:**
САЕМ ЗА ИНОВАЦИИ И РАКОТВОРБИ ВО КАРПОШ ........ 17
**ГРАДИНА ОД СКАЗНИТЕ** ВО ДВОРОТ НА ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ“ ........ 18
**СЕ БРЕНДИРАА ДУЌАНИТЕ** СО „ МОЈ КАРПОШ –МОЈА КАРТИЧКА“ ........ 19
**ИНТЕРВЈУ СО КОСТА ПЕТРОВ:**
МАГИЈАТА Е - КОМУНИЦИРАЈ ОД СРЦЕ! ........ 20
**НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ-ПРВЕНЦИ**
НА ГЕНЕРАЦИЈАТА ВО КАРПОШ ........ 22
**ТРАДЦИОНАЛНО** КАРПОШАНИ ДАРУВААКРВ ........ 23
**ПРОЛЕТНА АКЦИЈА** НА ЗАСАДУВАЊЕ НА НОВИ ДРВЈА ВО КАРПОШ ........ 24
**КАЗНЕТИ ФИРМИ –ЗАГАДУВАЧИ** НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КАРПОШ ........ 25
**ИФТАР ВЕЧЕРА** ВО ПРЕСРЕТ НА РАМАЗАН БАЈРАМ ........ 26
**ВО БАРДОВЦИ** ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВ.ТРОИЦА ........ 27
**НВО ВИЗИЈА:** МЛАДЕН БЛАЖЕВСКИ ........ 28
**МЛАДИ И СПОРТ:**
МЕДАЛИ ВО ФУДБАЛ,ФУТСАЛ,ЏУДО-ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ ........ 30
**КРЕАТИВА:** #ГиСакамЖивотните ........ 35
**ГАСТРОНАУТИ:. „ДО БАР“** Е НАВИСТИНА ОДЛИЧЕН ........ 36
**БИЗНИС КАТЧЕ: ФУРНА „СКОПЈЕ“** ВО КОЗЛЕ ........ 38
**МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ФЛЕШ ВЕСТИ** ЗА ПОДОБРО ИНФОРМИРАЊЕ ........ 40

ISSN 2545-482X



ЗАПОЧНА ИЗВЕДБАТА НА

# НОВ ПАРК ВО КАРПОШ

Започна изведбата на нов парк во Општина Карпош. На површина од 4.000 $m^2$, во близина на стариот влез на Градски парк, под булеварот „8 Септември“, целосно ќе се раззелени простор кој до овој момент беше запуштен.

Во новиот парк ќе има новопроектирани високи и цветни дрвја, висока декоративна трева, грмушки, високо заштитно зеленило, цветни, перени и луковици.

Покрај разновидното зеленило и фонд на дрвја, паркот ќе биде збогатен и со други содржини, кои ќе го привлечат вниманието на карпошани. Предвидено е да има простор за детски игри (детско игралиште), како и оградено место за домашни миленици.

Во овој парк ќе биде поставен и мултифункционален контејнер, со цел правилно одложување и селекција на отпадот. Изведбата на паркот се очекува да заврши на почетокот на август.

Поставувањето на новото зеленило и садници е донација од компанијата „Хорти Експерт МК“, со што сакаат да ја покажат својата општествена одговорност и грижа кон заедницата.







# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

Пред нас е најубавиот дел од годината – летото. Неодамна започна и летниот распуст за учениците и наставниците, а верувам дека среќни се и бабите и дедовците, за моментите кои ќе ги поминат со своите внуци. Добро е да се потсетиме дека ова е уште еден крај на учебната година без екстерно тестирање, без тестови на заокружување и стресови за родителите. За Општината, летниот распуст за учениците е период кога започнуваме со повеќе реконструкции и санации по училиштата. Па така, летово целосно ќе ги обновиме тоалетите во основното училиште „Аврам Писевски“, во Бардовци, а веќе работиме и на новата сензорна соба за ученици со посебни потреби во „Вера Циривири Трена“, во Карпош 2. Дополнително се скенира состојбата во училиштата, со цел првачињата и сите ученици да ја започнат новата учебна година во подобри услови. Имајте убаво лето и одморете се!

Карпош доби и нов објект на детска градинка. Во Бардовци, започна со работа објектот „Виножито“, кој е во состав на ЈОУГД „Распеана младост“. Големо е задоволството кога сведочиме на реализацијата на еден значаен проект, особено за овој дел од Карпош кој порано беше отсечен од урбаното јадро. Ова е втор нов објект на градинка во Карпош за краток временски период, откако во декември 2018 година, го отворивме објектот „Јасмин“ , во рамки на ЈОУГД „Мајски цвет“, во Тафталиџе 2. Инвестирањето во градинки е инвестиција за нашите деца, за идните генерации!

Полека, но сигурно го надоместуваме изгубеното зеленило во Карпош. Ја завршивме пролетта со 287 новозасадени дрвја и уредени повеќе платоа и јавни површини. Ново зеленило имаме на платото „Делфина“, кај фонтаната во Карпош 3, на „Млечен“, како и на кружниот тек во Тафталиџе 1, пред гимназијата „Георги Димитров“. Во Карпош започнавме и со изведба на нов парк, под бул. „8 Септември“, на стариот влез на Градскиот парк. Нови 4.000 квадратни метри ќе бидат разеленети, а ќе се постават и лулашки за најмладите. Да го чуваме зеленилото и урбаната опрема.

Летото е период кога сезоната на реконструкција на една од клучните сообраќајници, тоа е улицата „Љубљанска“, пред Скопје Сити Мол. По нејзиното завршување, ќе се реконструира и „Московска“, а во тек е и санацијата на булеварот „Партизански одреди“ (спроти трговскиот Антико). Искрено, ви благодарам на разбирањето на сите учесници во сообраќајот. Потоа ќе се движиме по подобри и побезбедни улици.

Ви посакувам убави летни одмори, читајте Карпош ИН, пазарувајте со картичката „Мој Карпош“ и уживајте во новите зелени површини со вашите најблиски.

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



ИНВЕСТИРАМЕ ВО НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

# БАРДОВЦИ ДОБИ **СВОЈА ГРАДИНКА**



*Во Бардовци, Општина Карпош, започна со работа целосно новиот објект на градинка којашто го доби името „Виножито“ и која е во состав на ЈОУДГ „Распеана младост“.*

Децата од овој дел на Општината имаат можност да престојуваат во подобри услови, низ игра да учат со нови дидактички материјали, еко – играчки и хигиенско – санитарни услови по сите стандарди. Градинката се простира на површина од 465 квадратни метри, со сместувачки капацитет за 78 деца. Станува збор за значаен, капитален проект кој обезбедува и развој на Бардовци како населено место, имајќи предвид дека истото со децении делуваше отсечено од урбаното јадро.



Проектот е финансиран од Европската Унија, спроведуван преку Светска Банка, а со учество и на средства од буџетот Општина Карпош, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика. Во посета на објектот беа градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, како и министерот за финансии Драган Тевдовски.

***- За краток временски период, ова е втор нов објект на градинка во Карпош, имајќи предвид дека во декември 2018 го отворивме и новиот објект „Јасмин“, во состав на градинката „Мајски цвет“, во Тафталиџе 2. Нашата намера е да се зголеми опфатотот на деца кои одат во предучилишно образование,*** рече Богоев.

Локалната самоуправа стави акцент на унапредување на детската заштита и во таа насока значително се подобруваат условите во сите градинки.



Министерот Тевдовски се осврна на заложбите на Владата за зголемување на бројот на деца кои ќе посетуваат предучилишно образование, а посочи дека средствата за инвестирање во градинки се зголемени за 300 отсто. Тој ја поздрави и намерата на Општината што учествувала со 2/3 од финансирањето на проектот. За новиот објект „Виножито“ добиен е грант од Светска Банка во износ од 120.000 евра, а Општината учествуваше со 321.957 евра, буџетски средства.

**Димитар Караташев**



## РАЗВОЈ ЗА БАРДОВЦИ

Со отворањето на новиот објект на градинката „Виножито“, граѓаните од Бардовци и Злокуќани за прв пат добиваат воспитна установа од ваков карактер. Во ова населено место е лоцирано и основното училиште „Аврам Писевски“, кое во текот на летото ќе добие целосно нови, реконструирани тоалети, а во изминатава година, во дворот на училиштето се направи и првата градина – отворена училница за производство на храна. Бардовци станува се поатрактивно место за живеење, а намерата на локалната самоуправа е да обезбеди хуман и рамномерен развој на овој дел од Карпош.





# ОД ГРАДИНКАТА ВО БАРДОВЦИ

# ЗАДОВОЛНИ И РОДИТЕЛИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ



### Лејла Пешевска

вработена во градинка „Виножито“ – „Распеана младост“

- Од големо значење е отворањето на новиот објект во оваа населба. Досега немало никогаш градинка, а реално има потреба. Моментално имаме 20-на дечиња, но, веќе од септември се најавени повеќе дечиња. Родителите во оваа населба се навистина многу задоволни. Групите се од две години па нагоре, а, сега за сега, се уште немаме група-јасли, но доколку има потреба секако дека ќе се отвори.



### Христина Малева

вработена во градинка „Виножито“ – „Распеана младост“

- Отворањето на градинката е од големо значење и за нас како вработени и општо за населбата. Ова е прва ваква предучилишна установа во Бардовци. Градинката е регистрирана за околу 80-на деца, а групите ги сочинуваат до 20-на деца во една занимална. За една група се грижат една воспитувачка и една негувателка. Сите услови се по европски стандарди кои се потребни за правилен развој кај секое дете: од играчките, па до реквизитите кои се употребуваат во текот на престојот, уредувањето, системот ладење-греење.



### Дејан Димчевски

жител на населба Бардовци

- Овој објект е од големо значење за населението во ова место, бидејќи долго време беше желба на родителите со помали деца. Како растеше бројот на жители, од година во година, така имавме се повеќе потреба од градинка. Огромна благодарност до градоначалникот што се вклучи во оваа идеја, односно интензивните средби со него резултираа со успех, по што дојдовме до ова што е денеска. Желбата на граѓаните беше огромна, задоволството сега е уште поголемо. Веќе од септември се очекува капацитетот да биде исполнет до последното место, бидејќи и дечињата од населбата Злокуќани ќе бидат дел од Распена младост.



### Душко Божиновски

жител на населба Бардовци

- Досега во Бардовци немало ваков голем објект кој е со намена за предучилишно образование. Има навистина голем број жители и беше потребно да се отвори градинка, а голема предност е што е веднаш до училиштето „Аврам Писевски“. Претходно имавме навистина голем проблем, децата за во градинка ги носевме по населбите ширум Карпош, но, сега е веќе полесно. Моментално нема поубава градинка, ги има сите потребни услови, целосно е нова, а персоналот е навистина љубезен. Во реализација на оваа идеја бевме инволвирани сите граѓани, но најголема заслуга има градоначалникот. Голема благодарност до него.

**Мила Гавриловска**

ВИСТИНОМЕР ОЦЕНИ:

# ВЕТУВАЊЕТО НА БОГОЕВ **- ИСПОЛНЕТО**

*Ревносните следачи на вистинаста, и една од најпопуларните платформи за следење на ветувањата на политичарите, за градоначалникот на Карпош даде висока преодна оценка:*

**ВЕТУВАЊЕ:**

Картичка „Мој Карпош“ – Со оваа картичка сите граѓани со место на живеење во Општина Карпош ќе имаат можност да користат бенефиции во угостителските објекти, театрите, кината, библиотеките и спортските објекти. Рок: 2018 година

*[**Извор:** Изборна програма на Стефан Богоев за локалните избори 2017 – „Живот во Карпош за сите“ (стр.24) , датум: октомври 2017]*

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

**Во предизборието за локалните избори (октомври 2017 год.) градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев вети воведување на картичката „Мој Карпош“, со која жителите на Општината ќе имаат можност да користат бенефиции во угостителските објекти, театрите, кината, библиотеките и спортските објекти. Ова ветување е дел од предизборната програма на Богоев насловена како „Живот во Карпош! За сите!“ (стр. 24) и тоа е исполнето.**

Проектот „Мој Карпош-моја картичка“ стартуваше на 05 март (2019), а на промоцијата беше соопштено дека со оваа картичка жителите на Карпош имаат можност да користат одредени попусти при користење на услугите во над 250 фирми и компании што работат на територијата на локалната самоуправа: ресторани, кафулиња, спортски објекти, ординации, книжарници, но и кај производители на ИТ опрема, дизајн студија, сервиси.

Тогаш беше кажано и дека за картичката можат да аплицираат сите жители на Карпош над 13 години, и тоа или директно во Општината, или преку веб - платформата: **www.mojkarpos.mk.**

На 15 март од Општината информираа дека 2.000 граѓани аплицирале за картичката „Мој Карпош“. Деновиве (6 мај), пак, Општина Карпош соопштија дека започнале со брендирање на сите локали и објекти на повеќе различни бизниси кои се приклучиле кон проектот „Мој Карпош – Моја Картичка“.

Секој објект ќе добие налепница која ќе биде поставена на видно место на влезот на локалот или објектот, со цел граѓаните да бидат информирани за угостителските и други објекти во кои можат да купуваат и да добиваат услуги по пониски цени или да добијат друг вид на бенефиција, соопштија од Општината.

Имајќи го предвид сето ова, може да се каже дека **ветувањето на градоначалникот Богоев,** дека ќе воведе картичка „Мој Карпош“, со која жителите на Општината ќе имаат попусти во одредени трговски, угостителски и културни објекти, **е исполнето.**

РЕАЛИЗИРАНИ





## **ИНФРАСТРУКТУРНИ ЗАФАТИ** ВО НЕРЕЗИ

Општина Карпош ги санираше ударните дупки на улицата „Партизанска“ бр. 7 во населбата Нерези. Изведувач на градежните работи е фирмата „Ленди Груп", која интервенираше со поставување на нов тампон и два слоја асфалт на оштетениот коловоз.

Локалната самоуправа ја ангажираше и фирмата „Изградба", која ја корегираше пристапната пешачка патека во должина од 30 метри со нови бекатон плочки, на потегот од паркингот на ул. „Ванчо Мицков“, до тротоарот на булеварот „Партизански одреди“.

## **НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** НА ВАРШАВСКА

Улицата Варшавска во Тафталиџе 1 доби ново улично осветлување. За таа намена, стручните служби поставија 15 столба и 16 LED светилки со цел, да се обезбеди поголема прегледност помеѓу двете средни училишта. Новото улично осветлување е донација од милион денари од фирмата ELTRA DOEL- Скопје.









## **„ПРАШКА“ Е ЕДНОНАСОЧНА** - ВОЗИ БЕЗБЕДНО И СОВЕСНО

Од неодамна функционира новиот сообраќаен режим на улицата „Прашка“, во населбата Тафталиџе 1. По оваа улица каде што има и повеќе воспитно - образовни установи, ќе се вози во една насока, со прилагодување на брзината на движење до 30 км на час, со што ќе се ублажи метежот во овој дел од Карпош.

Долж коловозот е поставена нова хоризонтална и вертикална сигнализација, која треба да ја подобри безбедноста на сообраќајот. Од особена важност е поставувањето на четири платформи за забавување на сообраќајот (т.н. „легнати полицајци“). Во моментов се работи на монтирање на „легнати полицајци“ и пред други основни училишта: „Јан Амос Коменски“, „Војдан Чернодрински“, „Димо Хаџи Димов“ и „Братство“.

Донатор на проектот со кој се решава целокупниот сообраќаен режим на оваа улица е меѓународното училиште „Нова“, кое ја покажа својата општествена одговорност и грижа кон заедницата.

Локалната самоуправа ќе продолжи со подготовка на проектите за еднонасочни улици, особено во деловите каде што има повеќе училишта и градинки.

# **ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА** НА УЛ. „ЉУБЉАНСКА“







Во првата половина на месец јуни, започна реконструкција на улицата „Љубљанска“, во населбата Карпош 4. Во претстојните 20 дена целосно ќе се обнови коловозот во должина од 440 метри на една од најфреквентните улици во овој дел од Општината, а потоа ќе следува и реконструкција на тротоарите. Градежниот зафат вреден околу шест милиони денари го реализира Град Скопје.

Заедно со ЈП Паркови и зеленило, Општина Карпош дополнително ќе го зголеми фондот на зеленило и хортикултурното уредување, на аголот меѓу улиците „Љубљанска“ и „Волгоградска“. На овој потег се планира и изградба на мост, кој во скоро време треба да ја поврзе улицата „Љубљанска“со другата страна на реката Вардар, што претставува значаен капитален проект како за Карпош, така и за Градот Скопје.









# ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ: **„ПАРТИЗАН“ ДА БИДЕ СИМБОЛ** НА АВТЕНТИЧНОТО, МОДЕРНОТО И УРБАНОТО

Деновиве, во салата за состаноци во Општина Карпош се одржа работна средба за презентација на идејни проекти за обнова на спортската сала Наум Наумовски – Борче, „Партизан“.

На средбата учествуваа и претставници – архитекти од Меѓународната невладина организација „Културно Ехо“, кои во изминатиот период работеа на предлог - идејниот проект за обнова на оваа култна спортска сала. По тој повод беа презентирани идејните проекти за обнова на салата, но се разговараше и за одржливоста на „Партизан“, како и за можноста, овој објект да добие мултифункционален карактер. Генералната идеја е „Партизан“ да остане „споменик“ на автентичното, модерното и урбаното.

Штом салата „Партизан“ се врати во сопственост на Општината, ќе продолжи процесот за нејзина обнова и ревитализација. Секако, дека ќе бидат направени и дополнителни консултации со граѓаните, стручната јавност и спортските работници.

# ГЕРМАНСКИТЕ ИСКУСТВА

## ПРИМЕНЛИВИ И ВО КАРПОШ

***Општина Карпош започна со обработка на сувите гранки и нивна пренамена за живеалишта за мајмуните во Зоолошката градина – Скопје. На овој начин, отпадот повторно се преработува и добива нова намена, што е карактеристика на голем број метрополи ширум Европа и светот.***

Рекултивирањето на јавните површини, како и правилното одлагање на отпадот беа меѓу главните теми при студиската посета на Германија на градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев. При посетата се посетија повеќе градови кои се истакнуваат во правилната обработка на отпадот и негово искористување за производство на електрична енергија.



Токму и Општина Карпош започна акција за правилна обработка на сувите и скршени гранки. Во соработка со Зоолошката градина – Скопје, сувите гранки на дневно ниво ќе се обработуваат и ќе служат како подлога за живеалиштата на мајмуните во ЗОО Скопје. На овој начин, наместо да завршуваат по парковите и јавните површини, ќе добијат нова намена.



Во однос на рекултивирањето на јавните површини, Општина Карпош веќе работи на изведба на Спортско – Адреналинскиот парк, долж Кејот на Вардар, од вештачката карпа до бунарите на р. Лепенец. Станува збор за потег кој во изминатиот период беше целосно запуштен и служеше за палење на огнови на отворено, а со новиот парк, ќе се добие нова зелена површина, со содржини за спорт и рекреација на сите граѓани.







Дополнително, говорејќи за заштита на јавните површини и објекти, градоначалникот Богоев ја истакна салата „Партизан", како еден од објектите за кој Општината води вистинска борба за спас и ревитализација.

Организаторот на студиската посета во Германија, фондацијата Фридрих Еберт го истакна своето задоволство што локалната самоуправа и Богоев веќе ги применуваат германските практики и искуства во Карпош. Сепак, општ е заклучокот дека треба интензивно да се работи и на други сегменти во врска со управувањето со отпадот, како што е негова селекција, трансфер и повторно искористување на хартијата, пластиката и стаклото.

**Димитар Караташев**



Одблиску со **Кокан Димушевски**, урбан лик од Карпош, музичар, композитор, Витез и Командер од Македонија

# МАЛТЕШКИОТ ВИТЕЗ
## ОД КАРПОШ

Пишува: **Виолета Цветковска**

*„Леб и сол“ е затворена приказна за мене, последниот концерт беше „Леб и Сол Симфони“ во МОБ со оркестар и хор, и мислам, дека тука треба да се стави точка.*

Кокан Димушевски е урбан лик, врвен музичар кој речиси нема кој не го знае. Но, колку знаат дека е „автентичен“ карпошанин?

**- Роден сум во едно друго маало кое тогаш се нарекуваше железничка колонија, тоа е на двеста чекори од Рузвелтова од која улица почнува општина Карпош. Од 1965 год. сум автентичен карпошанин. Земјотресот, 63-та не натера да се преселиме бидејки нашата куќа во железничка колонија беше оштетена.**

Музичката приказна почна некаде од холот во Ѓорѓи (Димитров), од почетоците на „Леб и сол“. Дали тоа беше врвот или само лансирање во музичката орбита?

**- Гимназиските денови беа многу интересни. Токму тука започна и приказната наречена „Леб и сол“. Секој од нас поединечно беше голем колекционер на ЛП плочи. Водевме бесконечни разговори и преслушувања на плочите кои љубоморно ги чувавме. Најголемата среќа беше кога на некој од нас ќе му стигнеше по пошта некој нов албум од Лондон. Како тинејџер бев претплатен на две англиски списанија *Melody Maker* и *New Musical Express*. Тие беа прозорец кон музичкиот свет, интервјуа, критики, објави на нови изданија итн. Така и ни се споија енергиите и мечтите еден ден и ние да бидеме бенд.**

Продолжуваш со соло кариера преку сопствената куќа „Аура Рекордс“, но соработуваш и со „Лабиш трио“ и повторно со Бодан Арсовски, Гарабет Тавитјан ... како натаму?

**- Јас тоа не би го нарекол кариера бидејки е малку навредливо за универзалната магија наречена Музика. Работа со бенд и во бенд изискува поинаква концентрација, мораш да мислиш и на останатите членови, но и да останеш во стилот на бендот по кој те препознаваат. Секое по тврдо експериментирање во колектив како бенд, знае да се помати малку работата со слушателите. Веројатно сум музичар, композитор со најголем опус на авторска музика. Од секогаш сум сакал да експериментирам и да не бидам заложник на така наречената - комфорна зона. Уметноста генерално бара многу експериментирања, потрага по јазикот на кој ќе ги изразиш чувствата и секогаш да биде ново и предизвикувачко, како за самиот себе така и за слушателот.**



**Така ми било пишано очигледно, секогаш да бидам подалеку од трендот и популарноста.**

Интересен дел од твојот опус е Music for... моменти со компонирање татарски теми, балетска музика, црковна музика...

**- Некако се си доаѓа во свое време. Преку 120-тина театарски претстави каде сум поптисник како автор на музика, неколку симфонии, мјузикли, оркестарски дела, музика за филм, итн итн. Секогаш со задоволство работам на музика за театар или филм бидејки колку и да си врзан со текстот, имаш потполна слобода на изразување и експериментирање. Имам едно свое правило кое многу ми помага кога работам на нарачана музика, а тоа е гледачот на филмот или претставата не смее да ја забележи музиката дека ја има. Таа во овој случај е само дополнителна или дообјаснувачка на емоцијата која веќе се случува. Дури тогаш можам да бидам задоволен од мојата работа.**

Една од ретките музички сатисфакции доаѓа од твојата работа на Малта. Тука стануваш нашиот „Малтешки витез од Карпош“. Кажи ни нешто повеќе за овој момент на сатисфакција.

**- Во мои години наградите и признанијата се нормална работа, тие се одраз на се она што сум го постигнал на музички план во изминативе скоро пет децении. Голема чест и привилегија е да се добие признанието Витез на Сент Мајкл редот од Малта кој ред е еден од најпочитуваните во светот. После одржани три концерта на Малта со мојот проект PRIVATE MUSIC, постанав член на Редот со високото признание Витез и Командер од Македонија. Луѓето почитуваат уметност, почитуваат чесност и истрајност. Минатата година ми беше доделена наградата Панче Пешев за најдобра композиција, а оваа година сум добитник на наградата Трајко Прокопиев за жи-**

**вотно дело, коишто награди ги доделува СОКОМ.**

Имаш и евровизиски искуства, најконтроверзниот музички настан кој годинава ни донесе возбудливи и „превртливи“ моменти. Што мислиш за него?

**- Како директор на музичка продукција на МРТ од 2000 до 2004 евровизискиот настап на македонскиот преставник морав да го одработам по службена должност како шеф на делегацијата. Никогаш не ме интерсесирала естрадата и поп културата.**

Кои се твоите покрупни планови во иднина... дали „Леб и сол“ е завршена приказната за тебе или модифицирана, тлее?

- Планови и желби секогаш има. Секој ден сум во својата работна соба по неколку часа, снимам, компонирам, пишувам нови дела. „Леб и сол“ е затворена приказна за мене, последниот концерт беше „Леб и Сол Симфони“ во МОБ со оркестар и хор, и мислам, дека тука треба да се стави точка.







Skopje Mini Maker Faire 2019

# САЕМ ЗА ИНОВАЦИИ И РАКОТВОРБИ
## ВО КАРПОШ

Паметна клупа која работи на сончева енергија, а преку која може да го наполните вашиот мобилен телефон, 3Д принтер, машини за пренесување на енергија, роботи, беа дел од производите кои можеа да се видат на овогодинешниот Skopje Mini Maker Faire – Саем за иновации и рачни изработки, кој се одржа на платото на Спортскиот центар „Борис Трајковски“, а во организација на Амбасадата на САД во Скопје, корнерите на Амбасадата на САД, а со поддршка на Општина Карпош.

Целодневниот настан го привлече вниманието на повеќе од три илјади граѓани. Присуствуваа и голем број на млади луѓе, креативци и иноватори кои уште од рани години создаваат производи и одушевуваат со своето знаење и подготвеност да ги следат технолошките достигнувања и трендови.

Овие настани придонесуваат да се развиваат вештините кај младите, но и кај нивните ментори и тренери кои вредно се подтвуваа за Саемот за иновации.

Локалната самоуправа продолжува да дава поддршка на настани и активности кои имаат за цел да го поттикнат претприемништвото во заедницата.

**Димитар Караташев**



















# ГРАДИНА ОД СКАЗНИТЕ ВО ДВОРОТ НА ГРАДИНКАТА *„МАЈСКИ ЦВЕТ“*





Во детската градинка „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2, беше отворена првата „Градина од сказните“. Најмладите, заедно со нивните наставници го уредија својот двор и ја разубавија околината, правејќи Градина од сказните и креативни катчиња кои се изработени од еко – материјали. На настанот присуствуваа голем број родители, дечиња и дел од воспитниот кадар од оваа предучилишна установа.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, ја поздрави оваа иницијатива за разубавување на дворот:

***- Целта на предучилишното образование е да ја даде основата, да научите да творите, а потоа на училиште да се надградувате и да растете со нови знаења и искуства. Сепак, горд сум што во Карпош има деца, воспитувачи/негувателки и родители кои сакаат да избегаат од секојдневното, тековното, и да бидат креативни. Вие сте белег на современото и модерното - на европски Карпош. Од мали нозе да се создава, да се креираат работи е навистина значајно и вредно, рече Богоев кој потоа им се придружи на присутните и ја проследи кукленатa претстава.***

Овие градини се наоѓаат пред новиот објект на градинката „Мајски цвет“ – Јасмин. Објектот „Јасмин“ кој зафаќа 450 метри квадратни и има капацитет за сместување на 90 деца, беше пуштен во употреба оваа година. Тој е опремен со нови играчки и дидактички материјали, интерактивни ѕидови за цртање и хигиенско – санитарни услови по сите стандарди.




# СЕ БРЕНДИРАА ДУЌАНИТЕ
## СО „МОЈ КАРПОШ – МОЈА КАРТИЧКА“

Општина Карпош изработи налепници за сите локали кои одлучија да понудат попусти и бенефиции за граѓаните, се со цел, карпошаните да бидат информирани каде можат да купуваат по пониски цени. На тој начин и официјално се брендираше проектот „ Мој Карпош- Моја Картичка“, кој беше еден од главните предизборни ветувања на градоначалникот Стефан Богоев.

Кон проектот се приклучија повеќе од 200 бизниси кои работат на територијата на локалната самоуправа, а ваква автентична картичка добија повеќе од 2 илјади граѓани-жители на Општина Карпош. За оваа картичка, граѓаните можат да се регистрираат на *www.mojkarpos.mk*, или во просториите на урбаните заедници.

Картичката има за цел да ја раздвижи локалната економија, односно стопанските и економските дејности кои се вршат на територијата на Општина Карпош. Суштината на овој проект е бизнисите да понудат пониски цени на своите производи и услуги во деновите и временскиот период од работното време кога имаат помалку обрт и работа, а граѓаните да добијат поефтини производи и услуги. На тој начин, бизнисмените ќе го зголемат својот профит и потрошувачка, а граѓаните ќе заштедат, купувајќи по пониски цени.



# ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН СОБИР НА МОДЕЛАРИ
## ВО КАРПОШ

Воздухопловниот клуб „РЦСК“ кој е основан на територија на Општина Карпош,  го организираше четвртиот Интернационален собир на моделари и размена на искуства од ревијален вид, со презентација на радио контролирани воздухопловни модели „МАЈ-ФЛАЈ“. На спортскиот аеродром „ Стенковец“, на 11 и 12 мај презентирани достигнувањата на македонските моделари и пилоти, се споделија нивните искуства, но и се разменија знаења со пилотите од другите земји кои беа присутни на овој меѓународен собир.

На настанот присуствуваа и ученици од основните училишта од територијата на Општина Карпош, кои изразија заинтересираност за овој атрактивен спорт и хоби.







Интервју со Коста Петров, карпошанец, ПР стратег, писател, текстописец...

# МАГИЈАТА Е: **КОМУНИЦИРАЈ ОД СРЦЕ!**

Пишува: **Виолета Цветковска**

Коста Петров како PR стратег и менаџер го го знаат многу. После #PROUD уште повеќе... но како карпошанец...?! Карпош е Вашиот дом, и уште што?

**- Да, чест ми е што и јас станав жител на оваа прекрасна населба. Тука сум веќе една година и навистина се чувствувам како дома. Има во Карпош некоја магија што можеби ја нема во другите населби. Совршено место за живеење особено за семејства. Мирно, а сепак блиску до сите важни центри во градот.**



Сепак најпознат сте по PR кампањите кои досега сте ги практикувале во над 40 земји ширум светот. Кои Ви се најскапоцени и најинтересни искуства од тоа работење?

**- Навистина сум горд со успехот на нашата компанија. Нашата приказна ја започнавме тука, во Скопје, пред девет години и денес сме присутни во над 40 земји во светот. Највпечатливото искуство се случи во Иран пред неколку години кога добивме дозвола да го организираме првиот глобален настан за маркетинг во земјата по Исламската револуција. Не ми се веруваше дека токму ние, компанија од Македонија ја доби оваа историска чест.**

Која е накратко Вашата „формула“ на успешна и современа интегрирана маркетинг комуникација?

**Мислам дека формулата е иста и за сé друго во животот – опркужи се со вистински луѓе. Кога ги имаш вистинските луѓе покрај тебе не постојат невозможни работи.**

Последен од серијата успешни кампањи е сепак настапот и начинот на пласирање во јавноста на Тамара и #PROUD на Евровизија 2019. Мислам дека приказната емотивно почна уште тука, кај нас... а после стана и „историја“ за паметење.

**- Целото искуство на Евровизија никогаш нема да го заборавам. Го имавме најдобриот евровизиски тим и сите дишевме во еден здив. Покажавме дека и со мал буџет, но со многу љубов, можат да се постигнат врвни резултати. Горд сум на целиот тим и се надевам дека ова е само почетокот на многу наши успешни евровизиски преставувања.**

Коста Петров е веќе подамна и автор на неколку доста читани книги. Што всушност ширите преку пишаниот зборт?

**- Јас верувам дека сите ние имам лекции кои треба да бидат споделени. Во моите книги пишувам за моите стравови, успеси, гордости... но и падови, работи кои не дефинираат сите нас. Секогаш гледам да пишувам од срце и најверојатно тоа е формулата за успехот на моите книги.**

Каде е лимитот на добрата комуникација со јавноста. Ги „потрошивме“ ли сите алатки, или небото ни е граница, посебно во сајбер просторот?

**- Без разлика што живееме во ера на технологија, сепак, правилата на маркетингот остануваат исти – комуницирај со вистинска порака и порака од срце. Можете да имате најскапа кампања, но, ако вашите купувачи не се поврзуваат емотивно со вашиот продукт, тогаш ни најголемиот буџет на светот нема да ви помогне да бидете успешни.**






# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ - ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА ВО КАРПОШ



Во ООУ „Лазо Трповски“, во клуб-катчето „Фонтана“, кое е адаптирано во еко-училница, беа доделени признанијата на најдобрите ученици - првенци на генерација од сите десет основни училишта кои се наоѓаат на територијата во Општина Карпош.

Наградени беа најдобрите десет ученици, кои во текот на учебната година покажаа континуиран одличен успех, интерес во повеќе области и сегменти од наставните програми. Првенците на генерација добија еднократна парична награда во износ од 10.000 денари, обезбедени од буџетот на локалната самоуправа. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, на првенците им ги врачи „Дипломите за првенци на генерација“, и разговараше за предизвиците со кои се соочувале во основното образование, и идните планови за продолжување на образовниот процес.

Во неформален разговор со градоначалникот Богоев, учениците се интересираа и за неговите училишни денови, младоста и како го поминувал летниот распуст. Првиот човек на Општината, им посочи дека основното образование го завршил во ООУ „Војдан Чернодрински“, а гимназиското во „Никола Карев“. Богоев ги охрабри младите ученици, да бидат упорни, активни, и трудољубиви, но и самоуверени трасирајќи си го на тој начин патот до успехот.

# ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ
## ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ ГРАЃНИ



Во просториите на урбаните заедници Карпош 2 и Владо Тасевски, градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, ги додели собраните прехранбени продукти и хигиенски средства на социјално ранливите категории на граѓани. Средствата се собрани во рамки на проектот „Подај рака - донирај за твојот сосед“, преку кој голем број граѓани-карпошани, како и вработени во локалната самоуправа донираа продукти во просториите на урбаните заедници.

Општина Карпош, со одлука на Советот на локалната самоуправа додели финансиски средства со кои ќе се овозможи екскурзија за основците кои учат во училиштата на територијата на локалната самоуправа, а се од семејства со потешка материјална состојба.

Локалната самоуправа и во наредниот период ќе продолжи да работи на унапредување на детската, социјалната и здравствената заштита, преку организирање на хуманитарни активности, еднократна помош, и јакнење на капацитетите на невработените.



---

# ТРАДИЦИОНАЛНО **КАРПОШАНИ ДАРУВАА КРВ**

Во организација на Општина Карпош, заедно со Општинскиот Црвен Крст, како и со Заводот за трансфузиологија се одржа традиционалната крводарителска акција.

Голем број на граѓани - карпошани, но и вработени во општинската администрација даруваа крв, учествувајќи во благородната акција. Оваа година бројот на крводарители се зголеми во однос на претходната, односно повеќе од 100 граѓани даруваа крв. Оваа хумана традиција, локалната самоуправа ја негува повеќе од две децении.

Следната крводарителска акција ќе се одржи наесен, односно на почеток на ноември, во рамките на Деновите на Општина Карпош.







# ПРОЛЕТНА АКЦИЈА
## НА ЗАСАДУВАЊЕ НА НОВИ ДРВЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош засади нови висококвалитетни и израснати дрвја во повеќе урбани заедници, во рамки на пролетната акција за засадување на нови садници. Вкупно 287 дрвја, од повеќе листопадни видови: ***јасен, јавор, ginkgo biloba*** и ***липа,*** како и зимзелените: ***thuja smaragd*** и ***libocedrus decurens,*** се засадија во урбаните заедници: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Тафталиџе, Нерези , Бардовци и Козле.

Исто така, во изминатиот период, хортикултурно се уреди и платото кај Порта Влае, во Карпош 3, како и во дворот на градинката „Мајски Цвет" (Тафталиџе 2) и дворот на новата градинка „Виножито", во населбата Бардовци.

Локалната самоуправа континуирано се грижи за постојното зеленило и хортикултурно го облагородува, но и ги зголемува постојано површините на зеленилото во Карпош, плански и рамномерно, во сите урбани заедници.




# ЕУ КАРАВАНОТ ТРГНА
## ОД КАРПОШ

Основците од ООУ „Петар Поп Арсов" се приклучија кон ЕУ караванот кој појде од скопската населба Карпош 4. По повод Денот на Европа (9. мај), како дел од кампањата „ЕУ за тебе", патувачкиот автобус на ЕУ почнувајќи од 20. мај во Куманово посети уште седум градови ширум нашата држава.

Предводени од евроамбасадорот во Северна Македонија, Самуел Жбогар, претставници од Делегацијата на ЕУ и амбасадорите на Словенија, Франција, Холандија, Романија Шведска, Хрватска, Бугарија и Унгарија, до крајот на мај ги посетија и Свети Николе, Виница, Делчево, Струга, Дебар, Радовиш и Гевгелија.

Целта на патувачкиот автобус на ЕУ чии „патници" се уште и студенти и претставници на медиуми од земјава, е да се воспостави директна комуникација со граѓаните и да се поттикне дискусија за нивните очекувања во врска со Европската Унија и европската иднина на нашата земја.

Граѓаните ќе имаат можност да постават прашања поврзани со Европската Унија, процесот на пристапување во ЕУ, можностите за финансирање преку ИПА - фондовите и други програми за помош на ЕУ, преку директна комуникација со екипата на ЕУ патувачкиот автобус. Посетите вклучија дебати со ученици од средните училишта за „Визијата на младите за Европската Унија", велосипедски родео активности за најмалите, како и други активности.

# КАЗНЕТИ ФИРМИ – ЗАГАДУВАЧИ
## НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КАРПОШ

Два правни субјекти, кои фрлале отпад на јавни и приватни површини и кои придонеле за загадување на животната средна, беа пријавени во полиција од страна на Општина Карпош. Пријавата на локалната самоуправа, уследи по информација на граѓани кои живеат во делот на Бардовци, односно истите доставија и фотографии и информации за однесувањето на фирмите кон животната околина.




Една од најголемите заложби на локалната самоуправа е грижата и заштитата на животната средина. Општината во изминатиот период постојано засадуваше нови дрвја, подигнуваше нови маалски скверови, во најскоро време ќе започне изградбата на големиот адреналински парк, долж кејот на реката Вардар, облагодорува и парковски се уредува, запуштениот дел од градскиот парк, спроти хотелот „Александар Палас“, па оттука интенција на градоначалникот на Општината Стефан Богоев, како и на раководството е да нема никаква толеранција за оние кои фрлаат шут и отпад, без разлика дали станува збор за физички или правни лица (фирми).

Општината ќе продолжи да презема активности, но и самостојно на терен да ги санкционира загадувачите.



# ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ **СВ.ТРОИЦА ВО БАРДОВЦИ**





Жителите на населбата Бардовци традиционално го одбележаа верскиот празник Св. Троица. Оваа година, бардовчани приредија богата целодневна манифестација проследена со низа активности, наменети за сите генерации. Претпладне се одигра фудбалски натпревар меѓу играчите на ФК Лепенец, при што беше промовирана и младинската школа на овој клуб.

Во попладневните часови, во црквата Св. Троица се одржа литургија со Поглаварот на Македонската православна црква, Господин Господин Стефан, на која присуствуваа голем број верници од Бардовци и околината. По завршувањето на литургијата, во дворот на црквата, играорците од АКУД „Мирче Ацев" и Фолклорното студио „ЕТНОС" со изведба на народните фолклорни танци, го привлекоа вниманието на присутните посетители.

Присутните си го честитаа празникот и посакаа и наредната година, овој ден да обединува, да ја поттикнува дружбата и солидарноста меѓу жителите.

# ИФТАР ВЕЧЕРА
# ВО ПРЕСРЕТ НА РАМАЗАН БАЈРАМ




Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев заедно со дел од членовите при Советот беше дел од Ифтар вечерата за верниците од исламска вероисповед во Долно Нерези.

Во пресрет на големиот муслимански празник Рамазан Бајрам, овие празнични моменти потсетуваат на заедништво, слога и споделување на пријатни моменти со најблиските.

Градоначалникот Богоев го истакна и добриот меѓуетнички соживот што го негуваат граѓаните од овој дел на Карпош.

- Навистина ми е задоволство што сте пример за почитување на различностите. Затоа, кога се одбележуваат различни празници често пати присуствуваат и претставници од други верски заедници. Нерези и нережани се потврда дека сите може да живееме сложно и заедно, еден до друг, рече Богоев.



# ШТО МЕ НАУЧИ РАСТЕЊЕТО
## ВО КАРПОШ

Пишува: **Блажен Малески**




Истражувач и поранешен претседател на Националниот младински совет на Македонија, 26 години

Во моите 26 години живот, имав привилегија пет од тие години да ги поминам во Виена, една година во Берлин и шест месеци во Љубљана. Но, во сите овие години имав само еден дом кој ме научи на сите вредности кои што денеска ги живеам – Карпош. Без разлика каде и на колку време и да сум одел, секогаш се враќам и учам од ден за ден нови работи од моето маало.




Едно од првите сеќавања во раните 90ти години од минатиот век ми беше солидарноста помеѓу моите роднини и комшиите во зградата на Разловечко Востание. Без разлика дали станува збор за позајмување на трпезариски маси, столици или пак заедничкото готвење на денови важни за нашите комшии, имам чувство како да тоа било првата лекција во мојот живот. Солидарноста и заедништвото помеѓу луѓето, без разлика на имотна состојба, или било која друга состојба, ме научи да бидам отворен, солидарен и посветен на заедницата.

Втората меморија од растењето во Карпош се моите пријатели од зградата со кои што до ден денес сме најблиските пријатели. Заедничкото мерење на улиците на Карпош, играњето граница, играњето фудбал на игралиштето на Петар Поп Арсов и седењето на клупи до доцните вечерни часови и разговарањето за нашата иднина. Во оваа прилика би сакал да им се извинувам на жителите на Карпош 4 што имаат прозори и тераси блиску до клупи, навистина знаевме некогаш да бидеме прегласни. Дружбите ме направија да верувам во луѓето од нашата општина, и генерално да им верувам на луѓето. Уште повеќе ми покажаа дека сите ние имаме заеднички работи за кои што сме желни да се бориме.

Можностите во Карпош беа и се неограничени, од маалско играње на табла пред зградите, до рекреација со спортски активности. И се мислам дека тие можности кои јас ги имав ме натераа да посакувам сите граѓани во нашата држава да ги имаат истите можности, истите перспективи за иднината.

Сега како повозрасен ми станува се појасно дека влијанието кое што го имала мојата општина, луѓето во неа и моите пријатели ме направиле што сум сега. Или со други зборови – без Карпош немаше да сум она што сум денеска.

Не верувам дека би бил активен за општествени цели на темите на родова еднаквост и прашања важни за младите без целосното искуство и влијание кое Карпош го имало врз мене. Сепак, ни престојува уште многу заедничка работа. На пример на повторно враќање на стариот сјај на салата Партизан, каде што голем дел од мојот живот поминав. Но, пред се за да го зачуваме Карпош онака како што сите го знаеме, но и да го унапредиме. Да го унапредиме на начинот на кој што новите генерации карпошани ќе можат да ги имаат минимум истите искуства кои ние сме ги имале како жители. Да го зачуваме Карпош полн со јавни зелени површини каде што младите ќе можат да се развиваат слободно. Да инвестираме во јавните установи на територијата, да им понудиме што повеќе можности на следните генерации за тие да бидат подобри од нас.

На крајот на денот тоа зависи од сите нас. На нас граѓаните е да имаме чиста, одржлива и перспективна општина за сите наши сограѓани. А јас како горд карпошовец кој ја имал привилегијата да учам и да се остварувам во една перспективна општина, секогаш ќе се заложувам да бидеме уште подобри од генерациите кои нас ни ја оставиле општината. Тоа, барем според мене, е минимумот кој сите ние може да го направиме.

# ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ – УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ






На новите терени на фудбалското и кошаркарско игралиште во ООУ „Јан Амос Коменски“ им беа доделени признанија на најуспешните ученици – спортисти во Училишните спортски лиги во ракомет, фудбал, кошарка и одбојка, а наградени беа и професори по физичко образование.

На овој спортски настан присуствуваа и дел од нашите спортски легенди во ракомет и кошарка, Валентина Радуловиќ и Ѓорѓи Чековски, како и селекторот на Одбојкарската федерација, Дејан Стојанов и нашиот перспективен фудбалер Дарко Чурлинов.

Овие спортисти заедно со градоначалникот Стефан Богоев им ги врачија признанијата за најуспешните млади спортисти, при што најдобрите ученици од Училишните лиги во Карпош добија еднократна парична поддршка во вредност од 8.000 денари. Во таа пригода градоначалникот Богоев изјави:

*- Карпош ги има едни од најдобро организираните Училишни спортски лиги, а присуството на овие врвни спортисти е потврда за квалитетот на истите. Општината изминатата година сериозно инвестираше во подобрување на спортската инфраструктура, па затоа имаме нови терени во ООУ „Јан Амос Коменски“ и ООУ „Војдан Чернодрински“,* рече Богоев.

Присутните ученици – спортисти имаа можност да разменат мислења со искусните професионалци Радуловиќ, Чековски и Чурлинов, за нивните планови и сериозноста да се занимаваат со спорт на професионален начин.











# МЛАДИТЕ ЏУДИСТИ
## ОД КАРПОШ СО
# „КУП“ МЕДАЛИ
## НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО

Во спортската сала во ООУ „Братство“ се одржа Државното првенство во џудо за натпреварувачи од основните училишта од целата земја. На првенството се натпреваруваа над 100 џудисти во машка и женска конкуренција. Младите карпошани Лаврди Мисени, Бејтула Исени и Енер Зекири од ООУ „Братство“ во категорија до 34 килограми го освоија петтото место, а Ерди Зекири се закити со бронзениот медал. Нивниот соученик Анди Ахмети во категорија до 42 кг. го освои вицешампионското второ место, додека пак, Исен Демирјаши во категорија до 66 кг. го освои петтото место.

Со својот одличен спортски настап, основките од „Братство“ достоинствено го претставија своето училиште. Во женска категорија до 40 кг. бронзата ја освои Анда Ахмети, а исто така, третопласирана беше Бетил Исенова во категорија до 44 кг. Најдобар резултат кај девојчињата од ООУ „Братство“ постигна Румејса Фејзула, која во категорија над 57 кг. го освои златниот медал.

Џудистката Стефани Мицкоска од ООУ „Петар Поп Арсов“, во категорија до 40 кг. го освои петтото место, додека пак, Калин Стефков од ООУ „Војдан Чернодрински“, во категорија до 40 кг. исто така ја обезбеди петтата позиција на табелата.

Општина Карпош се гордее со постигнатиот успех на младите џудисти на ова Државно првенство и токму затоа, ќе продолжи континуирано да вложува во развојот на спортот и подигнување на квалитетот кај сите видови на спортови на своја територија.



# ОСНОВЦИТЕ ОД **„ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НА ФУДБАЛСКИОТ ТРОН** ВО КАРПОШ

Со победата од 4:0 од последното коло во во училишните спортски лиги против своите врсници од ООУ „ Димо Хаџи Димов“, основците од ООУ „Владо Тасевски“ го освоија првото место на табелата и се искачија на фудбалскиот трон. Основците од „Војдан Чернодрински“ се второпласирани по победата над „Аврам Писевски“ со резултат од 5:3, додека „бронзени“ се фудбалерите на „Петар Поп Арсов“, кои во последниот натпревар од лигата изиграа нерешено 1:1 со противничките од „Лазо Трповски“.

Раководителот на Одделението за култура и спорт Патрик Поповски им го честиташе постигнатиот успех на сите натпреварувачи оваа сезона, а пехарите и медалите на победниците им ги додели членот во Советот на Општина Карпош Филип Даскаловски.

Признанието за најталентиран играч отиде кај Стефан Стојановски од „Војдан Чернодрински“, а најдобар играч е прогласен Игор Јаневски од „Владо Тасевски“. Најдобар голман оваа натпреварувачка сезона е Амир Шериф од „Лазо Трповски“, а најдобар стрелец е прогласен Давид Трајчевски од „Аврам Писевски“.







# ЗА СКИ КЛУБОТ „МЕДЕНИЦА“ ОД КАРПОШ 14 ПЕХАРИ

Во конференциската сала на ресторанот „ Воденица“, свечено беа доделени наградите за победниците на „Алпскиот куп“ и Државното првенство на Република Северна Македонија за овогодинешната 2018/2019 скијачка натпреварувачка година. Дури седум натпреварувачи на Ски клубот „Меденица“ се качија на подиумот во категории за деца од 8-16 години. Во дисциплината слалом и во велеслалом беа освоени вкупно 14 пехари.

Мирко Лазарески е најдобар во категоријата за деца до 16 години, додека Мила Лазаревска го освои третото место во конкуренција на девојчињата до 16 години. Мартин Христовски го освои второто место до 14 години, а Огнен Јовановски застана на третото место во категорија деца до 14 години. Шампионското прво место во категорија деца до 10 години, му припадна на Никола Буклески, а вицешампион кај девојчињата стана Марија Јовановска во натпреварувањето до 12 години. Мартин Шикалески се закити со бронзен медал во категорија до 10 години.

Ова е исклучителен успех за Ски клубот кој доаѓа од Општина Карпош. Локалната самоуправа и понатаму финансиски ќе го поддржува клубот, со цел, „Меденица“ да постигнува подобри спортски резултати и успеси во иднина.





# ДВЕ ЗЛАТА И ЕДНА БРОНЗА ЗА КАРПОШОВИТЕ МЛАДИ СПОРТИСТИ

Во футсалското натпреварување по повод „Деновите на Општина Кисела Вода“, основците од Општина Карпош станаа шампиони. Во финалето на купот „Св. Георги“, карпошани ги победија своите врсници од Општина Гази Баба со резултат 1:0.

Во салата „Независна Македонија“ се одиграа и натпревари во кошарка и во одбојка. Во финалниот натпревар од купот, основките од Општина Карпош го освоија првото место, искачувајќи се на одбојкарскиот трон. Во финалето, тие ги победија своите врснички од Гази Баба со резултат од 2:0 во сетови.

Со победата од 52:30, над своите врсници од Кисела Вода, кошаркарите од Општина Карпош го освоија третото „бронзено“ место на овој спортски турнир.



# „ДО БАР“ Е НАВИСТИНА ОДЛИЧЕН ИЗБОР

Доколку сакате да почувствувате различна атмосфера, и да пробате сосема друг, поинаков и вистински вкус на кафе, тогаш новоотворениот бар „До Бар“ ви го нуди тоа. Локациски сместен во Т.Ц „Порта Влае“, овој локал нуди поинакво доживување. Љубителите на доброто кафе, тука може да се насладат на „Ладно цедено кафе“. Всушност станува збор за кафе кое се приготвува на специфичен начин, односно повеќе од 12 часа се цеди кафето, во посебен сад, се со цел да се задржи неговата арома и вкус. Од кафињата со „печат“ на „До Бар“ тука се и „Француска преса“, „Монарабика еспресо“, и „Еспресода“.

Поентата на менаџментот на овој кафе-бар е најдобрите вкусови од градот, да бидат понудени токму на ова место, и истиот да не претставува само едно обично „маалско“ кафуле, туку да добие свој препознатлив „глас“ не само во Општина Карпош, туку и пошироко во Скопје.

Алтернатива за кафиња во овој локал се органските и веганските пијалаци. „Розевото плишано лате“ се состои од цвекло, агаве и млеко од соја, „Леденото мача лате“ кое има состав од органска јапонска мача, агаве и млеко од соја, како и „Златното лате“ кое е комбинација од куркума, ѓумбир, цимет, бибер, мед и млеко од соја, се одличен









избор за сладокусците на алтернативни пијалоци, односно на оние кои секогаш сакаат да пробаат нешто ново.

Во „До Бар“ освен пијалоци, може да вкусите и одличен „Ладен“, како и „Француски“ сендвич. Кроасанот со нутела, крофната и „Смутито на денот“, само ја зголемуваат дополнително одличната понуда во овој несекојдневен бар, каде што ќе се чувствувате пријатно, комфорно и удобно, без разлика дали сте „наминале“ преку ден, или пак бил избор за вечерна дружба.

**Благојче Атанасоски**



# **БИЗНИСОТ Е СЕРИОЗНА ОБВРСКА,** НО И ЗАДОВОЛСТВО






На аголот, кој гледа кон градинката „Пролет", во популарно наречениот комлекс „Трговскиот" во населбата Козле, се наоѓа пекара „Скопје". Оваа маалска пекара, со префинетиот вкус на производите кои ги нуди претендира да ги „освои" и љубителите на бурек и бели пецива, и надвор од населбата Козле, т.е од Општината Карпош, односно да ги привлече сладокусците од цело Скопје. Популарните „ѓеврек-маслинка", „ѓеврек-кулен", виршлите „куленко" и „нинџа сирење" се само мал дел од специфичните јадења, кои му нудат на конзумерот нешто поразлично од стандардизираните за пекарите во нашиот град. За тоа како е да се води една пекара, како мал бизнис, предизвиците со кои се соочуваат при менаџирањето и управувањето на истата, обврските и „откажувањата", разговаравме со сопствениците Никола Конески и Драган Попоски. Како што нагласи и Конески, воопшто не е лесно и едноставно да се води бизнис, особено во прехранбената сфера, каде што се соочувате со голема одговорност во квалитетот на продуктите, односно на храната.

*- Исклучителна одговорност претставува оваа работа, бидејќи работиме со храна. Истата мора да биде квалитетна и да ги задоволува вкусовите и на најголемите „пребирливци", но од друга страна имаме и обврска кон храната, согласно позитивните законски прописи. Стандардите се високо поставени, и нормално дека работиме со исклучителен квалитет. Водењето на пекара е сериозен бизнис, знаете се почнува од раните утрински часови, па се до навечер. Самата работа, си бара и свои приватни „откажувања", но задоволството е големо, кога „на крајот на денот" ќе видите дека сето тоа се исплатело,* потенцира Конески.

Драган пак вели, дека како млад човек, освен предизвик со кој се соочил при управувањето и работењето со пекарата, самата работа му носи и непроценливо искуство, кое понатаму ќе му помогне во животот.

*- Оваа работа, се надевам и секоја друга, но кога водите бизнис е поразлично, ве учи на одговорност, на дисциплина, на подредена динамика, па дури би рекол и на пожртвуваност. Сепак ние сме млади, и имаме доволно енергија да се посветиме да изградиме еден сопствен наш бизнис, како патоказ кој ќе ни ја обезбедува материјалната егзистенција понатаму во животот. Се надевам, дека повеќе млади во нашата држава, ќе се охрабрат и ќе започнат со свои бизниси, бидејќи нема поголемо задоволство кога работите за себе си,* заклучува Попоски.

Освен вкусните и специфични ѓевреци и виршли, се разбира во пекарата „Скопје", има и стандардни буреци со: месо, сирење, сирење-спанаќ, пица-бурек, вртени пити, погачи, и кифли кои се продаваат на килограм. За да се заокружи богатата понуда во пекарата во населбата Козле, тука се превкусните кроасани со крем, штрудла со јаболко, како благо и слатко задоволство за сите.

**Благојче Атанасоски**

Ангела Пенова








Дејан









# #ГиСакам

Ивона





Марић





# Животните

Антић






@mirarum



Ива Лабан



Наташа Грујовска

# МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ФЛЕШ ВЕСТИ
## ЗА ПОДОБРО ИНФОРМИРАЊЕ

Општина Карпош започна со нов мултимедијален начин на комуникација насловен како „***Флеш Вести***“. Во нив ќе се прави пресек на реализираните проекти и активности во Општината на неделно ниво, но и ќе се најавуваат новите проекти, планови и активности.

Всушност, некогашниот Неделен Е – Билтен којшто го подготвува Општината останува во воспоставена форма за меѓуинституционално информирање, додека неговата напредна форма ***#Флеш Вести*** се осовременува и добиваат мултимедијалност. Содржините во нив ќе бидат прилагодени за социјалните мрежи, веб порталите и другите медиуми, како и за публиката која постојано комуницира со локалната самоуправа.

Со „Флеш Вести“ ќе се подобри и двонасочната комуникација со граѓаните. Ќе постои поголема информираност за актуелните случувања во Општината, а ќе се спречи и ширењето на лажни вести.

---

# мЗАЕДНИЦА

**ГИ ОТСТРАНУВА БАРИЕРИТЕ ЗА ВРЕМЕТО И МЕСТОТО КОГА ГРАЃАНИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО УРЕДУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА И НОСЕЊЕТО НА ОДЛУКИ.**

Преземете ја апликацијата, мапирајте ги приоритетните проблеми кои треба да се решат и дадете предлози за подобрување на животот во Општина Карпош.




# ПРЕД ДА ПРИЈАВИШ:

**1 ПРЕГЛЕДАЈ!**
Прегледај ги пријавите на останатите граѓани пред да пријавиш проблем, предлог или иницијатива

**2 ПОДДРЖИ!**
Поддржи ги пријавите на останатите граѓани, поголем број на засегнати граѓани ја прави пријавата порелевантна!

**3 КОМЕНТИРАЈ!**
Пегледај ги коментарите и информациите кои ги споделиле останатите граѓани и општината и вклучи се во комуникацијата.

**Преземи од**

GET IT ON Google Play

Download on the App Store

мЗаедница Општина Карпош

БЛИНК 42 – 21 ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ

# twitter

**Еј Бреј** @Gogiche · Jun 17

@OpstinaKarpos пола година чека @VladaMK да и ја додели салата Партизан.
Мислам дека во меѓувреме @sbogoev се ангажираше и најде и средства и добра волја за нејзина реконструкција.
Ова е доказ дека у Влада има многу малку способни луѓе, кои ги кочат оние што навистина вредат.

1 2

**Стефан Богоев** @sbogoev Following

Replying to @Gogiche @OpstinaKarpos @VladaMK

Подготвени се и два идејни проекти, на волонтерска основа. Очекуваме скоро да ни ја доделат салата.

12:39 PM - 17 Jun 2019

**Среќичка** @Bufceto · Jun 7

Дур @sbogoev @OpstinaKarpos и @CityofSkopje решат кој е надлежен за лулашките, дел по дел од дрвениот брод го снемува. Денес ја нема заштитната ограда на скалите на бродот.



4

**Стефан Богоев** @sbogoev Following

Replying to @Bufceto @OpstinaKarpos @CityofSkopje

Ова игралиште ќе биде санирано од страна на Општината. Апелирам да не се користи.

**ЕвтинаСтруја** @JustADweller Following

Зошто се @OpstinaKarpos цареви?
Родителски совет замоли да се поставаат столбови на влез на школо - ги поставија за 2 недели.
Стока народ ги искрши и испокраде за 4 месеци со огромни дупки во тротоарот.
Општина дента кога реагиравме - wait for it - ги среди дупките. За децата!

**Шеваљ** @El_Megunogovic · Jun 18

Стефан кога во Долно Нерези ќе ни ја асвалтирате целосно улица Демир Трајков?

1 1 3

**Стефан Богоев** @sbogoev Following

Replying to @El_Megunogovic @Rebrendiran

Влезена е во буџетската програма. Таму неодамна пополнувавме ударни дупки. Во согласност со можности/финансии ќе гледам што е можно побрзо да се направи санација. Поздрав.

**Alek Sandar** @ATalimOT · Jun 16

Почитуван градоначалник @sbogoev, дали има начин овие "музејски експонати" да бидат дислоцирани од јавните простори на кои се поставени?
Овие се на потегот Парк Алумина - ТЦ Олимпико, ги има повеќе од 10



2 6

**Стефан Богоев** @sbogoev Following

Replying to @ATalimOT

Ние на дел од хаварисаните возила поставувавме налепници, за сопствениците да ги отстранат. Договорено е со Град Скопје, ЈП Улици и патишта да најде плац, на кој ќе се дислоцираат сите хаварисани возила на ниво на Скопје.



Клиничка болница **Аџибадем Систина**

# Промена на бенките
## аларм за меланом

доц. д – р Андреј Петров
**Дерматовенеролог**

**Кај околу 50% од луѓето во текот на животот барем еднаш се развила некоја преканцерогена промена на кожата, а истражувањата покажуваат дека 70% од луѓето не ги препознаваат предупредувачките знаци.**

Меланомот е најтешкиот облик на карцином на кожа и со најголема смртност од сите кожни малигни болести. Потекнува од клетките наречени меланоцити. Меланомот е отпорен на зрачење, а хемотерапијата има ограничена улога во неговото лекување, па за да се има добра прогноза неопходно е на времено дијагностицирање, објаснува доц. д-р Андреј Петров, дерматовенеролог во Клиничката болница „Аџибадем Систина". За важноста од превентивни прегледи за карцином на кожата во Македонија, најдобро зборуваат статистиките. Нашата земја е на самиот врв во Европа по бројот на нови случаи годишно. Според бројот на новорегистрирани случаи, канцерот на кожа е еден од најчестите канцери во светот па затоа д-р Петров препорачува еднаш во годината секој човек превентивно да посети дерматолог.

### Од бенка до меланом

Бенките се бенигни израстоци на кожата кои можат да станат атипични, да прераснат во меланом или друг тип карцином. Нормалните бенки не се зголемуваат, не ја менуваат формата и обликот, ниту, пак, бојата. Следете ги вашите бенки и доколку забележите каква било промена задолжително посетете дерматолог. За да запомните на што треба да внимавате, потсетете се на првите 4 букви од абецедата „ABCD":

***Asymmetry*** (асиметрија)
едната половина на бенката е различна од другата.

***Border*** (раб)
рабовите на бенката се разјадени, назабени, заматени или неправилни, а пигментот се шири и кон околната кожа.

***Colour*** (боја)
бојата е нееднаква, може да се видат нијанси на црна, кафена и розова боја.

***Diameter*** (дијаметар)
промена во големината на на постоечката бенка. Меланомите се обично поголеми од гумичката на моливот (>5 мм).

### Проверете ги сите бенки со револуционерниот Mole Max HD

Со помош на револуционерниот дерматоскоп *Mole Max HD* во „Аџибадем Систина" со само едно снимање можете да ја дознаете состојбата на вашите бенки. По снимањето, дерматоскопот компјутерски го одредува ризикот на секоја пигментација. Доколку бенката е со висок ризик, може навреме да се отстрани, пред да премине во канцер, со што ќе се превенира карциномот на кожата. Апаратот според резултатите од процената одредува кога треба да се направи следниот преглед. Снимките дигитално се архивираат со што се овозможува нивна споредба на следниот преглед. *Mole Max HD PRO* дерматоскопот, кој го користат врвните дерматолошки центри во светот, во регионот е достапен ексклузивно во „Аџибадем Систина".

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
А: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
А: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
А: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
А: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
А: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
А: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
А: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
А: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
А: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
А: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
А: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
А: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

**Поважни телефони**

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

**ПТТ услуги**

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

**Сообраќај**

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

**Дежурни аптеки**

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

**Здравствени објекти**

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

**Дежурни поликлиники**

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |



**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos